

## ПОКЛОНЕНИЈА ПРЕД ГРОБОТ НА СВЕТИ КИРИЛ ВО РИМ

***Во 1969 година Македонската православна црква, македонската држава и македонскиот народ достојно го одбележаа 1100-одишниот јубилеј од смртта на сесловенскиот и рамноапостол свети Кирил Солунски, авторот и творецот на словенската азбука и темелоположителот на нашата писменост.***

Во таа година одлучено е Светиот архијерејски синод на Македонската православна црква да испраќа своја поклоничка група во Рим заедно со државна делегација во базиликата посветена на свети Климент Римски каде што мирува телото на свети Кирил Солунски, Константин Филозоф, како што веќе го викаа во Магнаур, заради бистрината на умот и заради логичноста на мислењето.

Кај македонскиот народ отсекогаш било длабоко и искрено почитувањето на свети

Кирил Солунски и неговиот брат св. Методиј. Нашите прадедовци и дедовци на нив им се обраќале молитвено за закрила и духовно раководство речиси секојдневно, а не само кога бил денот на нивниот празник. Ги споменувале за да се потсетат какви светители стојат во нивното црковно и национално битие.

Им се молеле за духовна поткрепа и светлина тогаш кога нивните непријатели биле жестоки и кога сопствените сили им биле при крајот, тогаш кога темнината била ужасна, а надежта на умирање. И тогаш кога ропството и гневот биле неподносливи светите браќа и нивните ученици им боскотеле во мракот и ја поткрепувале нивната вера во посветла и поубава иднина.

Затоа, во 1969 година Македонската православна црква, македонската држава и македонскиот народ достојно го одбележаа 1100-годишниот јубнлеј од смртта на сесловенскиот и рамноапостол свети Кирил Солунски, авторот и творецот на словенската азбука и темелоположителот на нашата писменост.

Во таа година одлучено е Светиот архиерејски синод на Македонската православна црква да испраќа своја поклоничка група во Рим заедно со државна делегација во базиликата посветена на свети Климент Римски каде што мирува телото на свети Кирил Солунски, Константин Фнлозоф, како што веќе го викаа во Магнаур, заради бистрината на умот и заради логичноста на мислењето.




НА СВЕТИ КИРИЛ СОЛУНСК
СЕСЛОВЕНСКИ ПРОСВЕТИТЕ
СО БЛАГОДАРНОСТ
ОД МАКЕДОНСКИОТ НАРОД
SANCTO CYRILLO THESSALONICE
EXCULTORI HUMANITATIS
OMNIUM SLAVORUM
GRATISSIMUS
MACEDONUM POPULUS



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**